**20160681948**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 50 став 1 од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16) и член 10 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15), а во врска со член 44 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и член 22 став 1 точка 11 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5.4.2016 година, донесе

**УРЕДБА ЗА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ ЗА ПЛАТИ И ДОДАТОЦИ НА ПЛАТИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ТЕРИТОРИЈАЛНИТЕ ПРОТИВПОЖАРНИ ЕДИНИЦИ ЗА 2017 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа уредба се пропишува методологијата за распределба на наменски дотации за плати и додатоци на плати за вработените во територијалните противпожарни единици (во натамошниот текст: ТППЕ) за 2017 година, по општини.

Член 2

Средствата за плати и додатоци на плати за вработените во ТППЕ се утврдуваат во Буџетот на Република Македонија за 2017 година, во раздел 06001 – Министерство за внатрешни работи, Програма А – Децентрализација, Потпрограма А2 – Пренесување на надлежности на единиците на локалната самоуправа.

Член 3

Средствата од членот 2 од оваа уредба се распределуваат по општини, согласно следните критериуми:

- број на вработени во ТППЕ согласно бројот на склучени спогодби за преземање во надлежност на Градот Скопје и општините и
- износ на основни плати и додатоци на плати по вработен во ТППЕ, согласно закон.

Член 4

Распределбата на средствата од членот 2 од оваа уредба по општини, се врши преку Министерството за внатрешни работи.

Член 5

Остатокот од средствата по исплатени плати и додатоци на плати за вработените во ТППЕ на месечно ниво, се пренесува во наредниот месец.

Член 6

Остатокот од средствата по исплатени плати и додатоци на плати за вработените во ТППЕ на 31.12.2017 година, Министерството за финансии го враќа во Буџетот на Република Македонија.

Член 7

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2017 година.

Бр. 42-2411/1
5 април 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.